FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Pactis
Center For Strategies and Development

# ПАКТИС

## ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

WWW.PACTISMK.COM
WWW.MKFRONT.COM

# ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИИ И РАЗВОЈ ПАКТИС - ПРИЛЕП

Pactis
Center For Strategies and Development

Содржината е единствена одговорност на авторите и на Здружение Центар за стратегии и развој ПАКТИС Прилеп, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштатаи ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# Мисија

Мисијата на ПАКТИС е креирање на стратегии кои ќе поттикнат долгорочни решенија за моменталните и идните општествени проблеми.

Здружението Центар за стратегии и развој ПАКТИС, има мисија да биде лидер во креирањето стратегии со кои ќе се поттикне решавање на моменталните и идните општествени и социјални проблеми на локално, регионално и државно ниво.

# Визија

Визијата на ПАКТИС е мир, општествен и социо-економски прогрес, развој и просперитет за сите ГРАЃАНИ во РЕПУБЛИКА Македонија.

Здружението Центар за стратегии и развој ПАКТИС, своето постоење го базира врз визијата за мир, развој и просперитет на сите граѓани унапредување на демократските процеси, доследна примена на уставот и законите, заштита на универзалните човекови права, вклученост на граѓаните во носењето одлуки и регулативи, долгорочен и одржлив социо-економски развој, граѓанско општество отворено за идеи, културни различности, како и поддршка на регионалните и европските интегративни процеси.

# ИНИЦИЈАТИВА „МЛАДИНСКИ ФРОНТ“



## МЛАДИТЕ ПРОТИВ НЕВРАБОТЕНОСТА

„Младински фронт“ е иницијатива за поткревање на јавната свест за проблемот со невработеноста на младите во Општина Прилеп, и иселувањето на младите како последица на невработеноста.

Иницијативата започна во 2014 година и има истражувачки и едукативен карактер.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Формирано младински јадро за подобрување на невработеноста на младите.

- Вклучени 200 млади од локалната заедница.

- Изработена анализа за причините за невработеноста на младите.

- www.mkfront.com

Pactis Center For Strategies and Development

# ЛИДЕРИ НА ЗАЕДНИЦАТА



## „СОЗДАВАМЕ ЛИДЕРИ“

„Лидери на заедницата“ има за цел да ги поттикни младите во Општина Прилеп да бидат проактивни во справувањето со проблемите во локалната заедницата, користејќи ги алатките и можностите на граѓанскиот активизам.

Младинско учество во процесот на донесување одлуки.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Обучени 10 млади лидери.

- Спроведени обуки за граѓански активизам и лидерство, истражување и стратешко планирање.

- Лоцирани конкретни проблеми во локалната заедница.

- Спроведена кампања создаваме лидери.

Pactis Center For Strategies and Development

# СИСТЕМ НА АЛТЕРНАТИВНИ КАЗНЕНИ МЕРКИ




## ОПШТОКОРИСНА РАБОТА

Основната цел на иницијативата е анализа на состојбата на имплементација на видовите на алтернативни казнени мерки во Република Македонија, вклучувајќи го процентот на изрекување на казните затвор и краткотрајните казни затвор.

Стимулирање на незатворските мерки, а казната затвор да биде применувана како последно средство.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Изработена анализа за изрекувањето на алтернативните казнени мерки на државно и локално ниво.

- Формирано јадро од адвокати, судии и засегнати страни

- Покрената иницијатива за зголемено изрекување на алтернативни казнени мерки, наспроти затворски казни

# АНАЛИЗА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИДОТ И ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНАТА

## ПРАВИЧНИ ПРЕСУДИ




Правичното одмерување на казните за сторителите на кривични дела е едно од загарантираните темелни права. Одредувањето на видот и одмерувањето на висината на казната претставуваат еден од најголемите проблеми во кривичната материја.

Разликата помеѓу предвидената казна за кривичното дело во К.З и казната изречена со правосилна судска пресуда, е причина за несогласувања.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Донесени препораки за укинување на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, затоа што тој е контрадикторен со Уставот на РМ.

- ИЗВРШЕНА АНАЛИЗА ЗА ПРАВИЧНОСТА НА ПРЕСУДИ ИЗРЕЧЕНИ ПО НОВИОТ ЗАКОН ЗА одредување на видот и одмерување на висината на казната.

Pactis Center For Strategies and Development

# ИНИЦИЈАТИВА - ОБНОВА НА СПОМЕНИКОТ КАЈ ДАБНИЦА



## СПОМЕНИЦИТЕ НА НОБ

Покрената граѓанска иницијатива за акцентирање на проблемот со уништеното спомен обележје од „Масакрот кај Дабница“ близу Прилеп и потребата од негово обновување, реставрирање и уредување.

Имајќи ја во предвид огромната историска важност на споменикот кај Дабница, ПАКТИС заедно со граѓански активистите и заинтересираните граѓани, организираше акција за чистење на локацијата.

Отстранет најголем дел од отпадот близу споменикот.

Pactis Center For Strategies and Development

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАД ВО ПРИЛЕП




## РЕЗУЛТАТИ:

- Формирано на граѓанско јадро за решавање на проблемите со градската депонија и дивите депонии во општината

- Вклучени граѓани, институции, еколошки здруженија, експерти за локален економски развој, производители на стопански и еколошки отпад.

- Поткрената јавна свест за директните штети по здравјето на граѓаните и животната средина од неправилното постапување со отпадот,

-Извршена анализа на формите за правилното управување и одлагање на отпадот.

-Лоцирани диви депонии во Општина Прилеп.

-Донесени препораки за профитабилно искористување на отпадот.

-Покрената иницијатива за изградба на фабрика за биогас врз база на биоразградлив отпад во Општина Прилеп

Pactis Center For Strategies and Development

# ОТПАДОТ – ЗАГАДУВАЧ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА




## ЗАГАДУВАЊЕТО НЕ' ПОВРЕДУВА СИТЕ

Постои директна поврзаност помеѓу неправилното одлагање на отпадот со појавата на хронични заболувања и карцином кај популацијата.

Неконтролираните палења на отпадот на отворен простор испуштаат загадувачки супстанци како тешки метали (жива, олово, арсен), и диоксини коишто се најканцерогена и отровна материја од која поштетен е само нуклеарниот отпад. Отпадните води се директен загадувач на обработливите земјишта, бавчите и пасиштата, со што директно е загрозено производството на здрава храна и под ризик се поставува здравјето на граѓаните.

Резултати:

- креирани препораки за правилно постапување со отпад.

-креирани јадро од експерти и здравствени работници.

-лоцирани диви депонии.

Pactis Center For Strategies and Development

# ОТПАДОТ - ЕНЕРГИЈА ВО ТВОИТЕ РАЦЕ




## ОТПАДОТ Е СУРОВИНА, НЕ ЃУБРЕ

Регионот на прилеп располага со идеални количини на биоразградлив отпад, што целосно ја оправдува потребата од изградба на инсталација за производство на биогас, која ќе затвора многу процеси:

- отстранување на отпадот, негово искористување и рециклирање, хигиенизација, производство на биогас како енергенс, производство на еколошко чисто ѓубриво.

Директен бенефит од инсталација за производство на биогас врз база на отпад, ќе има општината, особено институциите од областа на образованието, здравството, социјалните установи, како и уличното осветлување, градскиот сообраќај, па дури и снабдување со гориво на идната топлификација на градот.

# ТРИБИНА „ОТПАДОТ - БОГАТСТВО ЗА ГРАЃАНИТЕ, НЕ ЗАГАДУВАЧ“



## ОТПАДОТ Е СУРОВИНА, НЕ ЃУБРЕ

Здружението ПАКТИС во рамки на проектот „Подобрување на управувањето со отпад во Прилеп“, организираше трибина на тема „Отпадот - богатство за граѓаните, не загадувач” на која учество зедоа околу 50 граѓани, релевантни експерти по темата, сертифицирани лица за управување со отпад, лица со искуство за производство на Биогас врз база на отпад, членови на Совет на општина Прилеп, како и претставници на „ЈКП Комуналец“ Прилеп. Истовремено на трибината беше промовиран прирачник со наслов „Од отпад, до енергија“ во кој е направена една сеопфатна анализа на капацитетите и можностите на општина Прилеп да изгради инсталација за производство на Биогас врз база на отпадот.

# ПОТПИШИ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ЕНЕРГИЈА



## ОТПАДОТ Е СУРОВИНА, НЕ ЃУБРЕ

## Граѓанска иницијатива:

Во рамките на Локалната самоуправа-Општина Прилеп, да се формира Јавно претпријатие за производство на енергија и топлификација, кое ќе преземе дејности и активности за искористување на биоразградливиот отпад за добивање на алтернативна енергија преку изградба на Инсталација за производство на биогас.

## РЕЗУЛТАТИ:

- Собрани 5 000 (пет илјади) потписи од граѓани на Општина Прилеп.

- Поткрената јавна свест за потребата од фабрика за производство на биогас врз база на биоразградлив отпад во Општина Прилеп.

- Развиена дебата во Совет на Општина Прилеп.

Pactis Center For Strategies and Development

# КРЕИРАМЕ УМЕТНОСТ НЕ ВАНДАЛИЗАМ



## ОПШТОКОРИСНА АКЦИЈА

Граѓанската иницијатива има за цел подобрување на имиџот на невладиниот сектор и ПАКТИС како дел од локалната заедница. Преку општествено одговорни активности се поттикнува мотивацијата на граѓанските активисти и младинското јадро во локалната средина, со цел вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки и регулативи на локално ниво.

Истовремено се зајакнуваат внатрешните капацитети на конституентите на ПАКТИС, се гради тимскиот дух и се иницираат позитивни промени во пошироката граѓанска свест за улогата на граѓанските организации во локалната заедница, преку локални акции кои поттикнуваат позитивни промени во општеството.




Pactis Center For Strategies and Development

Pactis Center For Strategies and Development



# АКТИВНИ ГРАЃАНИ – ПОДОБРО ОПШТЕСТВО!



Pactis Center For Strategies and Development

WWW.PACTISMK.COM
WWW.MKFRONT.COM

https://www.facebook.com/pactismk

https://www.youtube.com/pactismk

# ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИИ И РАЗВОЈ ПАКТИС - ПРИЛЕП

Pactis

Center For Strategies and Development


Pactis
Center For Strategies and Development